**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 15.10.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 3745 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 15 октомври 2021 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на регионално ниво, со исклучок на регионот Д7, треба да биде најмалку 10 (десет), од кои 5 (пет) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари".*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје <u>ги исполнува минималните кадровски услови</u> утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   <u>Образложение:</u> При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје во 2020 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2020 година, вкупниот број на вработени во телевизијата изнесувал 11 лица, од кои како новинари со висока стручна спрема биле ангажирани четири лица. Поради тоа, на 14.09.2021 година Агенцијата со писмен допис (наш бр. 03-3391/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документите што радиодифузерот ги достави во Агенцијата на 6-ти и 15-ти октомври 2021 година (Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 за осум лица, Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект заклучно со 15.10.2021 година, издадени од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, и два договори за дело склучени помеѓу радиодифузерот и две физички лица) е видно дека <u>во телевизијата се вработени вкупно десет лица, од кои пет со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.</u>

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***